**Декември 2010** **Бр.110**

# FOREVER
## MACEDONIA






# Среќни Новогодишни и Божиќни празници

# ПОМИНЕТЕ ГИ ПРАЗНИЦИТЕ СО АЛОЕ

*Новогодишните и Божиќните празници се пред прагот. Тоа е времето кога се среќаваме со блиски и пријатели и вообичаено се дружиме пред полна трпеза. Сакаме да ви предложиме неколку вкусни и здрави рецепти со алое вера со кои може да ги изненадите вашите гости. На здравје!*

## Тартар од лосос со доматен сос и алое

### Потребни производи

300 г свеж лосос, ситно исецкан
3 средно големи домати
1 с.л. доматно пире
80 мл гел од алое вера
1 с.л. ситно исецкани каперси
4 ситно исецкани кисели краставички
1 жолчка од јајце
1 с.л.сенф
2 мали главици кромид, ситно исецкани
1 лимон исецкан на тенки кругчиња
500 мл ладноцедено масло
магдонос
босилек
сол
пипер









### Начин на приготвување

Лососот се меша со каперсите, киселите краставички, кромидот, босилекот и магдоност. Се додаваат жолчката, сенф, малку масло и добро се промешува. На дното на шољи за кафе се става резне лимон и се полни со смесата од лососот и зеленчукот. Се чува најмалку 2 часа во ладилник.

Доматите се мешаат во блендер заедно со доматното пире, малку лимонов сок, масло, сол и пипер по вкус. По желба се прецедува.

Шољите се превртуваат во чинија  и се гарнираат со доматниот сос, во кој непосредно пред сервирање се додава гел од алое вера.

## Сладолед од кисело млеко со алое

### Потребни производи

110 мл гел од алое вера
600 г полномасно кисело млеко
140 г кафеав шеќер, ситно сомелен
120 г хопла
овошје за гарнирање

### Начин на приготвување

Киселото млеко се размешува со гелот од алое вера и кафеавиот шеќер. Се додава хопла.  Добиената смеса се распределува во соодветни чаши и се остава во ладилник додека да замрзне. Сладоледот се сервира со пресно овошје.



## Шејк со киви и алое

### Потребни производи

4 киви
100 г сирење “Филаделфија Баланс“
150 мл гел од алое вера

### Начин на приготвување

Производите се матат во блендер и добиениот шејк се сервира со лед.



## Сос од алое вера

### Потребни производи

100 мл гел од алое вера
500 мл ладно цедено масло
сок од два лимона
2 с. л оцет балсамико
2 с. л со сос од соја
сол и пипер по вкус

### Начин на приготвување

Производите добро се матат и добиениот сос се чува во ладилник во шише од алое вера гел. Протресете добро пред употреба.



# ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Се ближи крајот на 2010-та и сега е идеалниот момент да одделиме време и да помислиме за успесите во изминатата година. Кога започна годината си поставивме цели за сé што сакаме да постигнеме. Секако дека сме реализирале многу од нив, но можеби има и неколку кои не сме ги постигнале целосно или кои дури не сме ни пробале да ги постигнеме. Тоа е нормално. Никогаш не смееме да заборавиме дека животот е патешествие, процес. Иако е важно да ги реализираме своите цели, верувам дека најголемо задоволство ни носи стремежот да се движиме напред, и покрај препреките, како и сознанието кое тоа ни го носи.

Можеби најголемата лекција која можеме да ја научиме во следната година е во филозофијата на Charles Schulz, творецот на комичниот стрип "Peanuts". Не се обидувајте да одговорите на следните прашања, едноставно продолжете да читате и помислете што се обидува Charles да не научи.

1. Набројте ги петте најбогати луѓе на светот.
2. Набројте ги последните пет победнички на изборот Miss Universe.
3. Набројте десет добитници на Нобелова или Пулицерова награда.
4. Набројте ги последните шест добитници на Оскар за главна машка и женска улога.
5. Набројте ги светските шампиони во фудбал од последните две децении.

Поентата е дека никој од нас не ги помни вчерашните лидери. Тие не се второкласни освојувачи.

Тие се најдобри во своите области. Но аплаузот стивнал. Наградите го губат својот сјај. Постигнувањата се заборавaат. Признанијата и наградите се погребуваат со нивните носители.

Еве уште еден прашалник. Проверете како ќе се справите со него.

1. Набројте ги имињата на неколку наставници кои ви помагале на училиште.
2. Набројте три пријатели кои ви помогнале во тешкотија.
3. Набројте петмина кои ве научиле нешто значајно.
4. Сетете се за неколку луѓе кои направиле да се чувствувате ценети и посебни.
5. Сетете се кои петмина најсилно влијаеле на вашето патешествие во Форевер.



Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**

Полесно беше? Поука: Луѓето кои повлијаеле во вашиот живот не се оние со највисоки препораки, најмногу пари или најмногу награди. Туку тие кои се грижат за вас. За време на празниците, одвојте време за да им се заблагодарите на луѓето кои вистински влијаеле во вашиот живот. Покажете им дека имале позитивно дејство врз вас, заблагодарете им за љубовта, добротата и сочувството.

А потоа направете нешто уште поважно-излезете надвор и позитивно делувајте врз животот на некој друг. Можеби тоа е вашиот нов сосед кого уште добро не сте го запознале, роднина со кого одамна не сте се виделе. Или пак човек за кого веќе извесно време си мислите дека би можел да има корист од можностите кои Форевер ги нуди, но досега не сте имале погоден момент за да проговорите. Насекаде околу нас има луѓе кои имаат потреба од нашето разбирање и великодушност. Откријте ги и започнете ја годината со пружање рака. Ви верувам дека така ќе повлијаете не само врз нивниот, туку и врз сопствениот живот- и тоа на начин кој не можете да си го замислите.

Благословени сме со толку многу, а за мене најголем благослов е тоа што сум заедно со вас во оваа неверојатна компанија. Ви посакувам среќни и весели празници! Ви благодарам што работевте со нас оваа година и ве поканувам да останеме заедно уште многу години. Тоа ќе биде одлично патешествие и вие нема да сакате да го пропуштите!



## Драги пријатели,

Еве сме пред крајот на една година, која тешко дека многумина би ја нарекле добра и успешна.

Година во која постојано се повторуваа зборовите „криза", „финансиски проблеми" и др. Година која 95% од населението би сакале да ја заборават колку се може побрзо. Но, не и дистрибутерите на Форевер! Бидејќи вие не сте од оние кои само сакаат да постигнат финансиска независност, а ништо не прават за тоа да се оствари. Не сте од оние кои потпаѓаат под влијание на околината, не ви недостига самодоверба и не се плашите од неуспех. Вие сте од останатите 5%, кои не се претопуваат со мнозинството. Самоуверени сте, го пребродувате стравот од неуспех и здраво работите за да бидете независни. Бидејќи знаете дека Форевер Ливинг Продактс продолжува да биде најдобра бизнис можност на светот. И во годинава што изминува резултатите на многумина од вас тоа го докажаа. Независно од песимизмот и недостигот на перспективи, во 2010-та многумина ја открија можноста да си го променат животот со Форевер. Нема сомнеж дека голем дел од нив ќе продолжат успешно и понатаму. Тоа ќе бидат оние кои ќе усвојат некои прости, но многу ефективни навики. Под навики мислиме на дејствата кои СЕКОЈДНЕВНО ги правиме, без да размислуваме дали се можни, дали ни причинуваат задоволство и што другите мислат за нив.

На прво место е навиката позитивно да размислуваме. Успешните луѓе прават нешта кои неуспешните не сакаат да ги прават. Првото е позитивно да мислат независно од моменталната ситуација околу нив. Очекувајте дека нештата ќе се случат, планирајте го успехот, работете за да го постигнете и сигурно ќе се случи. Непрекинато барајте нови луѓе на кои ќе им раскажете за својот успех со производите и бизнис можноста на Форевер. Независно од тоа што многумина од нив нема да ве следат, не очајувајте и правете го истото секој ден со нови луѓе. Така ќе си обезбедите непрекинат прилив од нови луѓе за да изградите голема мрежа од корисници и дистрибутери која ќе работи. Зборувајте секојдневно по телефон со своите клиенти и дистрибутери. Тоа ќе ви помогне повеќе да продавате и секој изминат ден ќе ви носи сé поголемо задоволство. Не запирајте секојдневно да ги споделувате полезните ефекти од употребата на производи на Форевер, кои вие лично сте ги пробале, вашите блиски и клиенти. И секако- работете здраво. Вие имате особена привилегија да имате работа, која ви претставува задоволство и ви носи непрекинато растечки резултати. Колку се тие поголеми, толку повеќе енергија ќе имате и толку поголемо задоволство од работата ќе чувствувате.

Тоа се едноставни навики за луѓе кои вистински сакаат да си го променат животот и цврсто решиле да се променат и себеси, за тоа да го постигнат.

И така, ја испраќаме 2010-та горди од сé што направивме заедно. Ниту за момент не се осврнавме на негативните прогнози на другите и ете не тука, на крајот на една година исполнета со многу предизвици и задоволство.

Ви посакуваме среќни Новогодишни и Божиќни празници! 2011 е година во која многу нешта ќе се променат, но едно ќе остане засекогаш-Форевер, најдобрата можност на светот!

Со љубов,
Стефан и Тања Стаеви

# Заштитете го здравјето во есенскиот и зимскиот период



Есента е годишно време кога помалку сме на чист воздух, а често сме во затворени простории кои се полни со луѓе. Нема толку свежо овошје и зеленчук, немаме време мирно да појадуваме, а често пати и останатите оброци ги конзумираме набрзина. На крајот на годината почнуваат и празниците и тогаш обилно се храниме. Ова е период и кога мораме да завршиме бројни обврски кои се поврзани со рокови, а доаѓаат и испитните сесии. Стресот е сé поизразен, бидејќи секој сака да даде максимум, па во овој период се јавуваат настинки и зарази. Како може да се заштитиме себеси и нашите деца од заразните заболувања? Треба да го зајакнеме имунитетот!

За тоа да го постигнеме, најнапред треба да го запознаеме својот имунолошки систем, па потоа лесно ќе откриеме како можеме да му помогнеме.

Нашиот имунолошки систем е деликатен, хармоничен систем кој нé штити од болести. Кога во нашиот организам преку заштитниот слој на кожата, слузокожата или во цревата ќе продре некој надворешен фактор за организмот, тогаш имуниот систем тргнува во акција. Секоја клетка на организмот има на површината еден знак кој потврдува дека припаѓа на организмот. Страните тела кои го алармираат имуниот систем се викаат антигени. Наше оружје против антигените се антителата.

Белите крвни зрнца кои се носители на главниот дел на одбраната се делат на три групи:

- клетки кои уништуваат, Т-лимфоцити и Б-лимфоцити.

Клетките кои уништуваат ги отстрануваат страните фактори, остатоците од клетки и отровните супстанци.

Т-лимфоцитите ги координираат главните одбранбени процеси.

Б-лимфоцитите нé штитат од бактерии.

Штетното дејство на околината, неадекватната исхрана, стресот, хроничните воспаленија, разните средства за уживање, лековите го ослабуваат нашиот имунитет. Јачината на имунитетот зависи од нашите години. Во детството имунитетот е сé уште неразвиен, а по петтата деценија се намалува функцијата на имунитетот.

Сега да видиме што треба да направиме за да го зајакнеме имунитетот.

- Најважно е да се храниме правилно и цревната флора правилно да функционира.

Здрав цревен тракт може да се чува со алое вера. Со редовна употреба на гелот од алое вера, наслагите од отровни материи внесени преку храната, се отстрануваат од слузокожата на цревата.

За регулација на цревната флора потребно е да се користи **Forever Active Probiotic.**

Зелениот јачмен, пченицата и луцерката ги отстрануваат отровите и содржат супстанци кои се важни за одржување на имунитетот. Затоа употребувајте го **Fields of Greens**.

Есенцијалните аминокиселини се фактор за настанување на заштитни клетки и антитела. Напитоците во прав на база на соја и поленов прав ги содржат сите аминокиселини и затоа се од голема помош на нашиот имунитет. Се препорачува употреба на **Forever Lite** и **Forever Lite-Ultra**.

Многу важно е и да се внесува минимум 2 литри течност дневно, за подобра работа на сите органи. Нашиот чај помага во детоксикација на организмот, го подобрува варењето и расположението.

Ехинацеата се применува во јакнење на имунитетот












и е една од најмногу употребуваните лековити билки на светот. Ехинацеата ги активира клетките кои ги уништуваат микроорганизмите, односно Т-лимфоцитите и го поттикнува имунитетот. Ја намалува и нормализира претераната реакција на имуниот систем, на пример кај алергиските реакции или автоимуни процеси.

Под дејство на лековитата билка кај клетките доаѓа до зголемено лачење на интерферон. Ехинацеата може да биде од помош кај спречување на две најчести вирусни инфекции: кивавица и грип. Оваа лековита билка има најоптимално дејство кога ќе почне да се користи уште при првите симптоми, но и подоцна ги ублажува симптомите и ја забрзува регенерацијата.

Ехинацеата е корисна и кај други заболувања кои се хронични: афти, херпес, егзем, инфекции на уринарен тракт, воспаление на средно уво, воспаление на синуси, бронхитис, габични заболувања. Ехинацеата може да се користи и при лечење на Candida albicans бидејќи има антимикотично дејство.

Прополисот е извонредна превенција за заболувања на респираторните органи, кашлица, грип и настинка. Уништува бактерии, вируси и габи. Ги намалува воспалителните процеси и затоа се користи кај воспаление на грло, душник, воспаление на непцата, воспаление на желудник, чир на желудник, цревни инфекции, инфекции на жолчно кесе, воспаление на дебело црево, воспаление на мокрачни канали и реума. Прополисот делува на капиларите, ги јакне крвните садови и го регулира притисокот. Делува и како диуретик. Многу добро ги зацелува раните и има дезинфекциско дејство.

Лукот делува во борбата против бактериите, габите, вирусите и други микроорганизми кои го загрозуваат здравјето. Лукот се препорачува и за намалување на високиот холестерол, за регулација на крвниот притисок, за спречување на згрутчување на крвта. Со своето антиоксидантно дејство лукот помага и во борбата против срцевите и васкуларните заболувања и тумори.

Жен-шен се користи за јакнење на физичката и психичката издржливост и за јакнење на имунитетот. Жен-шенот има изразито силно антиоксидантно дејство. Луѓе кои се изложени на јак стрес или кои имаат слаб имунитет треба да користат **Gin-Chia.**

Голема доза Ц витамин може да скрати времетраење на кивавица или грип, бидејќи го јакне имунитетот, а посебно создавањето на бели крвни зрнца. За време на болест од клетките се исцрпуваат сите залихи на Ц витамин и затоа треба редовно да се надокнадува. Природниот Ц витамин од цитрусни овошја и врзан за овесни трици може редовно да ги задоволува потребите на организмот.




Кожата и слузокожата се прва линија на одбрана од микроорганизми кои предизвикуваат инфекции. Се препорачува секојдневно користење на хигиенски средства кои не ја нарушуваат природната микрофлора на кожата и кои ќе го одржуваат бројот на микроорганизми кои предизикуваат зарази на ниво на кое не се опасни за нас.

pH вредноста на алое вера одговара на pH вредноста на нашата кожа, не го нарушува заштитниот кисел слој на кожата, и не предизвикува алергија. Содржи состојки кои ја дезинфицираат кожата и на тој начин негата на кожата не служи само за убавина, туку и за јакнење на имунитетот.

На располагање ги имате течниот сапун, гелот за туширање, како и шампонот и балсамот за коса.

Уживајте во зимските денови со производите на Форевер!





# “Подари радост - помисли на секој”

***Новогодишните и Божиќните празници веќе се на прагот.*** Подготовките за прекрасните празници често започнуваат уште кон крајот на месец октомври. Луѓето ширум целиот свет трошат милијарди евра за купување подароци. Зошто и вие како дистрибутер на ФЛП не ја искористите можноста која постои во толкави размери само еднаш во годината?! Потенцијалот е многу голем, и не дозволувајте да ве одмине!

Повторно ви предлагаме специјален проект кој го нарековме “Подари радост-помисли на секој”. Можете да им предложите на вашите клиенти дел од своето пазарување на подароци да го направат во Форевер Ливинг Продуктс. Со ваша помош тие ќе можат многу проблеми да ги решат, со кои човек може да се судри за време на Новогодишните и Божиќните празници: минување на долги растојанија помеѓу градовите по неисчистени улици, досадната потрага за паркирање, преполнетите пешачки зони и продавници, пренатрупани продавници каде има нервозен и преоптоварен со работа персонал, долгите редици додека чекате да бидете услужени, а потоа и на редиците на касите, носење на безброј торби во градскиот транспорт или кон колата која ви е многу далеку паркирана, враќање назад кон трговскиот центар, затоа што сте пропуштиле некого, сте заборавиле нешто или едноставно не сте го пронашле вистинскиот подарок. Се чудите како да ги разрешите сите тие проблеми? Идејата на овој проект е лично да им помогнете на вашите клиенти при нивното планирање и купувањето на подароци со цел да им заштедите пари, време и нерви.



**Чекор 1:** Запознајте ги вашите клиенти со акцијата. Како пример ќе ви послужат писмата кои ќе ги најдете на нашата интернет страна **www.flp.bg** и во просториите на ФЛП. По два дена откако клиентот ќе го добие писмото кое вие сте го пратиле, јавете се по телефон и договорете средба за да ја претставите акцијата.

**Чекор 2:** Вашата задача е за време на средбата со клентот е да му помогнете да го подготви списокот на луѓе, на кои ќе им подарува подароци. За таа цел особено е важен формуларот “Помисли на секој-подари радост” кој можете да го симнете од нашата интернет страна или да го добиете во дисконтот.

Вашата задача е да претставите неколку соодветни примероци од асортиманот на ФЛП, при што ќе предложите и неколку идеи за пакување. Подготвените опаковки со љубов и фантазија можат да ги претворат најобичните производи за секојдневна употреба во атрактивни и посакувани подароци.

А изборот е богат: парфеми, декоративна козметиа “Соња”, шампон, балсам, течен сапун, дезодоранс, кремови со алое, паста за заби, балсам за усни, додатоци во исхраната, програма за регулирање на телесната тежина, чај, пијалоци и др. Природните и здрави производи на Форевер можат да ги заменат традиционални подароци, кои се купуваат, кога човек нема конкретни идеи што да подари: чоколада, бонбони, вино, жесток пијалок или случајни козметички производи. Сите тие во повеќето случаи не се особено корисни ниту за здравјето ниту за надворешниот изглед.

**Чекор 3**: Направете ја порачката, спакувајте ги подароците и доставете ги на време пред новогодишните празници. Така вашиот клиент ќе има доволно време да го подготви списокот на подароци дури и за тие кои не се од асортиманот на ФЛП. Со ваша помош клиентот ќе забележи дека оваа година подготовката за новогодишните празници поминала доста посмирено од претходните години.

## Подароци кои не се заборават



***Нови идеи и насоки како да ги спакувате производите на Форевер, без да се изложувате на излишни трошоци.***



Најголем впечаток оставаат елегантните и опаковките со стил. Не е неопходно да се трошат безумно многу пари, за да оставите голем впечаток на вашите клиенти. Со добро осмислени и ситни украси поставени на вистинското место, ќе ги плените како своите блиски кои ќе ги изненадите со новогодишните подароци од ФЛП, така и клиентите кои се вклучени во акцијата “Подари радост-помисли на секој”.












## Алое ден - Куманово 20. 11 2010









## Алое ден - Скопје 26. 11 2010



























## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцелариите на ФЛП

- **Секој понеделник: Мери Цајковска-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**
- **Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
  **Почеток: 17:00 часот**
- **Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
  **Почеток: 17:30 часот**
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
  **Почеток:17:00 часот**
  **Славица Донакова-Менаџер**
  **Почеток:18:00 часот**
- **Секој петок: Симо Маљановски-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**

## СООПШТЕНИЕ

**Последен работен ден е 30.12.2010- четврток**

***Среќна Нова 2011 година и весели празници!***

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за ноември 2010

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Вера Златковска
2. Славица Донакова
3. Гордана Трајковска
4. Дејан Трајковски
5. Катерина Трајчевска
6. Силвана Гелевска
7. Слафко Михајловски
8. Др.Снежана Контра
9. Младен Димовски
10. Невена Бошковска

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Вера Златковска
5. Катерина Трајчевска
6. Гордана Трајковска
7. Дејан Трајковски
8. Блага Крстеска
9. Силвана Гелевска
10. Др.Снежана Контра


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**
ул. Владимир Комаров 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за ноември



### Менаџер

**Златковска Вера - Скопје**



### Асистент Менаџер

**Трајковски Гордана и Васе - Скопје**



### Супервизори

**1. Гелевска Силвана- Скопје**
**2. Димовски Младен – Скопје**



### Асистент Супервизори

1. Анаќиеви Ленче и Тоше - Кочани
2. Андреевска Јасна - Скопје
3. Андреска Сузана - Скопје
4. Ангеловски Благица и Велибор - Пробиштип
5. Аранѓеловска Деана - Скопје
6. Белопета Марица - Скопје
7. Василевска Елена - Скопје
8. Гелевски Горан - Скопје
9. Даути Агим и Фатима - Скопје
10. Димитрова Сузана - Штип
11. Зрмановски Маја и Дејан - Скопје
12. Ибраими Кевсере и Фериз - Скопје
13. Јакимовски Маја и Јане - Куманово
14. Јованова Даниела - Гевгелија
15. Јовановски Драги и Јованка - Скопје
16. Кузмановски Светлана и Кузман - Скопје
17. Лазаревска Теодора - Скопје
18. Маљичи Дритон - Куманово
19. Мијалкова Светлана - Скопје
20. Милевски Весна и Милорад - Скопје
21. Николовска Татјана - Скопје
22. Николовски Ленче и Миле - Кочани
23. Петличкова Ирина - Скопје
24. Петровски Лилјана и Владимир - Тетово
25. Поповски Маја и Драган – Куманово
26. Спасовски Весна и Игор – Куманово
27. Угриновски Мирјана и Кузман – Скопје

## Квалификувани за Европско Рели- Виена, 2011




**Прво ниво:**

**1. Вера Златковска - Скопје**
**2. Др.Роза и Драган Гелевски - Куманово**
**3. Дејан Трајковски - Скопје**
**4. Љубица и Томе Андонови - Струмица**

***Им честитаме и им посакуваме пријатни моменти во Виена!***